Iute Group AS
Maakri 19/1, 10145 Tallinn, Estonia
Reg nr: 11551447
E-mail: info@iute.com

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА MYIUTE

## 1. Општи услови

### 1.1. Цел

Предмет на овие Општи услови е уредување на условите под кои се користат производите и услугите достапни во мобилната апликација MyIute, како и платформата, дигиталните услуги и останати функционалности кои се обезбедуваат преку MyIute.

MyIute е модуларна дигитална платформа и кориснички интерфејс преку која клиентите може да пристапат до различни производи и услуги од повеќе правни лица, вклучувајќи кредитни производи, платежни услуги, осигурително брокерски услуги, маркет простор – онлајн пазар, програма за лојалност и други дигитални и комерцијални услуги кои може да бидат воведени.

### 1.2. За Апликацијата

MyIute е мобилна апликација одржувана од страна на Иуте Груп АС и е дел од Иуте екосистемот. MyIute овозомжува услуги (како на пример, пристап, навигација, функционалности на корисничка сметка и поддршка), а може да овозможи и пристап за клиентот до услуги, производи или функционалности на компании, Иуте и/или трети лица преку интеграција во Апликацијата.

Достапноста на повеќе услуги во една апликација не значи дека сите такви услуги се обезбедени од еден правен субјект, дека Иуте Груп АС е страна во сите договори или дека сите такви услуги се регулирани со исти договорни услови.

### 1.3. Прифаќање

Со преземање, пристапување, регистрација или користење на MyIute, Клиентот потврдува дека ги прочитал, разбрал и ги прифаќа овие Општи услови, кои може да бидат изменети од време на време.

Доколку клиентот не се согласува со овие Општи услови, во тој случај не треба да ја користи MyIute.

## 2. Дефиниции

За целите на овие Општи услови:

**Апликација** или **MyIute** значи MyIute мобилна апликација и сите функционалности достапни преку истата.

**Клиент** е секое физичко лице кое пристапува до или ја користи MyIute.

**Иуте** значи Иуте Груп АС кој ја овозможува MyIute апликацијата на соодветниот пазар.

**Иуте Кредит** е финансиско друштво, дел од групацијата Иуте кое овозможува кредитни производи за Клиент.

**Иуте Пеј** е институција за електронски пари, дел од групацијата Иуте кое овозможува платежни услуги и електронски пари за Клиент.

**Иуте Сафе** е осигурително брокерско друштво, дел од групацијата Иуте кое овозможува осигурително брокерски услуги за Клиент.

**Услуги на платформата** значи услуги поврзани со функционирањето и користењето на MyIute како апликација и кориснички интерфејс, како на пример, пристап, навигација, функционалности на корисничка сметка и поддршка.

**Давател на услуги** значи било кое друштво, дел од Иуте групацијата или трето лице кое обезбедува услуга, производ, функционалност или стоки за Клиент преку MyIute и/или преку интеграција со MyIute**.**

**Услуги од трети лица** значи било која услуга, производ, функционалност или стока достапна преку MyIute кои се обезбедени од Давател на услуга различен од друштвата дел од Иуте Групацијата.

**Трогвец во маркет простор – онлајн пазар** е трето лице кое обезбедува стоки за продажба преку Иуте Маркет, вклучувајќи го и Супер Март,

**Иуте Маркет** е функционалност интегрирана во MyIute преку која клиентите може да нарачуваат стоки понудени од Трговец во маркет простор – онлајн пазар.

**Специфични услови** значат било кои посебни услови за производите, услугите, заштита на лични податоци, услови на Трговец во маркет простор – онлајн шазар, договори за кредит, платежни услуги и електронски пари, политика за враќање на стоки или друга правна документација применлива за конкретна услуга, производ или Давател на услуги.

## 3. Достапни услуги преку MyIute

Преку MyIute Клиентот може да пристапи до една или повеќе од следните категории на услуги, зависи од достапноста и соодветноста:

3.1. Финансиски услуги, вклучувајќи кредити и финансиски производи;
3.2. Платежни услуги и електронски пари, доколку е достапно;
3.3. Маркет простор – онлајн пазар, доколку е достапно;
3.4. Осигурително брокерски услуги, доколку е достапно и
3.5. Други дигитални, информатички или комерцијални услуги кои може да бидат достапни повремено.

Достапноста до поединелни услуги, карактеристики или функционалности може да зависи од земјата на Клиентот, соодветноста, технолошките услови, законски барања и оперативна достапност.

## 4. Применливи Услови за поединечни услуги

### 4.1. Општо правило

Поединечни услуги достапни преку MyIute може да се уредени со различни Општи услови.

Овие Општи услови се применливи на користењето на MyIute Апликацијата како дигитална средина и на општата употреба на функционалностите достапни преку неа, освен ако одредена услуга не е регулирана со посебни Специфични услови. Кога Клиентот користи одредена услуга преку MyIute, може да се појави посебен договорен однос директно помеѓу Клиентот и релевантниот давател на услуги. Иуте не е страна во таквите договори освен ако не е изречно наведено поинаку.

**4.2. Кредити и платежни услуги и електронски пари**

Кредитните производи, платежните услуги и електронските пари достапни преку MyIute се регулирани со релевантните Општи услови и други релевантни услови специфични за услугата, кои се достапни и прифатени од Клиентот во MyIute и/или објавени на www.iute.mk. Таквите услови ќе продолжат целосно да се применуваат на соодветните кредитни производи, платежни услуги и електронски пари и не се заменуваат, изменуваат или преформулираат со овие Општи услови

**4.3. СуперМарт**

Стоките што се нудат преку Иуте Маркет ги нуди СУПЕР МАРТ ДООЕЛ Скопје како Трогвец во маркет простор – онлајн пазар. Продажбата, доставата, достапноста, враќањата, повратите на средства и други прашања поврзани со трговците се регулирани според применливите услови и одредби на релевантниот трговец на пазарот, како што е достапно од тој трговец на пазарот, вклучувајќи (за СуперМарт) на www.supermart.mk.

Таквите услови на Трогвецот во маркет простор – онлајн пазар ќе продолжат целосно да се применуваат на релевантните производи и услуги на трговците и не се заменуваат, изменуваат или преформулираат со овие Општи услови.

**4.4. Осигурително брокерски услуги**

Осигурителните производи достапни преку MyIute се обезбедени од друштво за осигурување и се регулирани со општите услови на осигурителната полиса, преддоговорните информации и други специфични услови достапни на Клиентот за време на купувањето.

Во смисла на осигурително брокерските услуги, Иуте Сафе се јавува единствено во својство на осигурително брокерско друштво (посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и при реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан).

**4.5. Првенство на примена**

Во случај на каква било несогласност помеѓу овие Општи услови и било кои општи или посебни услови на било кој од Давателите на услуги, првенство на примена ќе имаат:

а. Посебните услови на Давателот на услуги што се применуваат на релевантната услуга ќе важат за прашања поврзани со таа услуга; и

б. овие Општи услови ќе се применуваат само до степенот до кој го регулираат општото користење на MyIute или прашања што не се конкретно опфатени во релевантните посебни услови на некој од Давателите на услуги.

## 5. Улоги и одговорности

Улогите и одговорностите во MyIute се поделени во согласност со природата на услугите и правната положба на Давателот на услуги.

### 5.1. Иуте

Иуте ја обезбедува и управува апликацијата MyIute како дигитална платформа и кориснички интерфејс и може да обезбеди или олесни пристап до одредени функционалности во апликацијата, вклучувајќи пристап до кориснички сметки, навигација, поддршка на ниво на апликација, текови на плаќања, интеграција на пазар, аналитика и други дигитални функции.

### 5.2. Иуте Кредит

Кога Клиент користи кредитни производи во MyIute, таквите кредитни производи се овозможени од ФД Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје, предмет на уредување со Општите услови на Иуте Кредит и договорната документација потпишана со Клиент.

### 5.3. Иуте Пеј

Кога Клиент користи платежни услуги и електронски пари, таквите услуги се овозможени од Институција за електронски пари Иуте Пеј ДООЕЛ Скопје, предмет на уредување со Општите услови на Иуте Пеј и договорната документација потпишана со Клиент.

### 5.4. Иуте Сафе

Кога Клиент користи осигурително брокерски услуги, таквите услуги се овозможени од Иуте Сафе АД Скопје, предмет на уредување со Општите услови на Иуте Сафе и останата поврзана документација во зависност од видот на осигурувањето за кое Иуте Сафе врши осигурително брокерски работи во име и за сметка на Клиентот во однос на друштвата за осигурување и реосигурување.

### 5.5. СуперМарт

Кога Клиент го користи Иуте Маркет, таквите услуги се овозможени од СуперМарт ДООЕЛ Скопје и во таа смисла се јавува во својство на трговец и продавач на стоките прикажани во Иуте Маркет и е одговорен за производите, информациите за производот добиени од неговите системи, прифаќањето на нарачките, конечната потврда на цената, попустите, трошоците за испорака, исполнувањето, доставата, враќањата, повратите и жалбите поврзани со трговците, освен ако применливиот закон не предвидува поинаку.

## 6. Регистрација и Користење на Апликацијата

### 6.1. Подобност

Клиентот може да ја користи MyIute само ако ги исполнува критериумите за подобност што ги предвидува Иуте за релевантните услуги и функционалности.

### 6.2. Точност на податоците

Клиентот мора да обезбеди точни, комплетни и ажурирани информации при регистрација или користење на MyIute и мора веднаш да ги ажурира сите информации што стануваат неточни или застарени.

### 6.3. Сигурносни елементи

Клиентот е одговорен за одржување на доверливоста и безбедноста на податоците за најавување, методите на автентикација и безбедноста на уредот.

Клиентот мора веднаш да го извести Иуте за секој сомнителен неовластен пристап, злоупотреба, безбедносен пробив или губење контрола врз сметката или уредот на Клиентот.

### 6.4. Законско користење

Клиентот може да ја користи MyIute само за законски цели и во согласност со овие Општи услови и сите применливи посебни општи услови.

Клиентот не смее:

- Да ја злоупотребува Апликацијата;
- Да се обидува неовластено да пристапи до системи или податоци;
- Да го попречува правилното функционирање на MyIute;
- Да ја користи MyIute на измамнички, злоупотребувачки или незаконски начин; или
- Да ги загрозува правата на Иуте, било кој трговец учесник во Иуте Маркет (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо), било кој Давател на услуги или било која трета страна.

## 7. Иуте Маркет функционалност

### 7.1. За Иуте Маркет

Иуте Маркет е функционалност интегрирана во MyIute и не е посебна самостојна мобилна апликација.

Преку Иуте Маркет, Клиентот може да прелистува категории и производи достапни од СуперМарт (или друг Трогвец во маркет простор – онлајн пазар, според потребата), да додава производи во количката, да поднесе информации за нарачки, да избере достапни опции за плаќање и да нарачува производи што ги нуди релевантниот Трговец во маркет простор – онлајн пазар.

### 7.2. Информации за производот

Категориите на производи, описите на производите, сликите на производите, цените, достапноста, попустите и сличната содржина поврзана со производот прикажана во Иуте

Маркет се обезбедуваат од Трговецот во маркет простор – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) преку безбедна техничка интеграција.

Иако овие информации се прикажани во MyIute, тие потекнуваат од релевантниот Трговецот во маркет простор – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо). Во максималниот обем дозволен со закон, Иуте не е одговорен за неточности, пропусти или застарени информации за производот доставени од релевантниот трговец на пазарот.

### 7.3. Количка и купување

MyIute може да му овозможи на Клиент да додаде производи во количка и да продолжи со плаќање преку Апликацијата.

Клиентот признава дека:

- Иуте може да собира и обработува информации за колички во Апликацијата;
- Додавањето производ во количка не гарантира достапност на производот и не го резервира производот освен ако не е изрично наведено поинаку; и
- Конечните детали за нарачката остануваат предмет на потврда за време на процесот на нарачка.

### 7.4. Процес на купување

Процесот на нарачка во Иуте Маркет може да ги вклучува следните чекори:

- Избор на еден или повеќе производи;
- Додавање производи во количката;
- Продолжување кон нарачка;
- Собирање на податоци за Клиент и доставата;
- Избор на начин на достава;
- Преглед на детали за нарачка;
- Добивање потврда за конечните цени, попусти и трошоци за испорака;
- Потврдување или измена на нарачката; и
- Плаќање.

### 7.5. Начини на достава

На Клиент може да му бидат понудени еден или повеќе начини на достава, вклучувајќи и подигнување на стоките во просториите на СуперМарт, достава преку курир, во зависност од достапноста.

Кога ќе се одбере достава преку курир, може да бидат потребни дополнителни податоци за доставата, вклучувајќи и адреса за достава.

### 7.6. Потврда на нарачката

Пред потврда на нарачката и плаќањето Трговецот во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) може да побара потврда на деталите за нарачката, вклучувајќи конечни цени, попусти и трошоци за испорака.

Клиентот може да има можност да ја потврди нарачката или да ја врати и измени нарачката пред да премине кон чекорот за плаќање.

## 8. Начини на плаќање овозможени во MyIute

### 8.1. Начини на плаќање

За нарачки направени преку Иуте Маркет, Клиентот може да одбере од една или повеќе опции за плаќање достапни преку MyIute, вклучувајќи:

- Плати сега, доколку Клиентот е и Клиент на Иуте Пеј и доколку има доволно расположливо салдо;
- Плати подоцна, во кој случај Клиентот ќе биде пренасочен кон Иуте Кредит заради обработка на барањето за кредит;
- Користење на поени за лојалност како дополнителен елемент за плаќање, каде што е достапно, доколку Клиентот е учесник во Програмата за лојалност на Иуте и има доволно расположливи поени.

Достапноста на било која опција за плаќање зависи од техничките, комерцијалните, правните и условите за подобност и може да варира во зависност од Клиентот, производот, јурисдикцијата или Давателот на услуги.

### 8.2. Применливост на Специфични услови

Сите услуги за плаќање и финансирање достапни во врска со Иуте Маркет остануваат предмет на применливите Специфични услови кои ги регулираат тие услуги, вклучувајќи ги релевантните услови на Иуте и каква било документација специфична за производот.

Овие Општи услови не ги регулираат детално условите, критериумите за одобрување, обврските за отплата, надоместоците и трошоци или другите финансиски услови што се применуваат на Плати сега, Плати подоцна или било која друга регулирана финансиска услуга.

### 8.3. Плати подоцна

Кога Клиентот избира Плати подоцна, релевантната нарачка може да биде предмет на дополнителни чекори, вклучувајќи проценка на кредитната способност, одобрување, прифаќање на посебен договор  за кредит и успешно исплата или порамнување.

Доколку потребните чекори не се успешно завршени, нарачката може да биде откажана, суспендирана или да остане необработена, освен ако не се избере и реализира друг начин на плаќање.

## 9. Достава, враќање на стоки, поврат на средства и околности за Трговецот учесник во маркет просторот – онлајн пазар

### 9.1. Одговорност на Трговецот учесник во маркет просторот – онлајн пазар

Трговецот учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) е одговорен за:

- Прифаќање или одбивање на нарачката;
- Конечна потврда на цената;
- Достапност на залиха;
- Подготовка на нарачката;
- Подготвеност за испраќање или чување заради подигнување;
- Навремена испорака;
- Враќања и поврат средства поврзани со стоки; и
- Обврски поврзани со стоките.

### 9.2. Применливи услови на Трговецот учесник во маркет просторот – онлајн пазар

Сите права и обврски поврзани со испорака, повлекување на нарачка, враќање, замена, поврат, усогласеност на стоките, дефекти на стоките или прашања по продажба се регулирани со применливите услови и одредби на релевантниот Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар и со применливите прописи за заштита на потрошувачите.

## 10. Обработка на лични податоци

### 10.1. Општо

Различни контролори можат да ги обработуваат личните податоци на Клиентот во врска со услугите достапни преку MyIute, во зависност од користената услуга и улогата на релевантниот субјект.

Дополнителни детали се наведени во применливите Политики за приватност, Специфични услови и законски задолжителните објави од релевантниот контролор.

### 10.2. Обработка од Иуте

Иуте може да обработува податоци поврзани со:

- Користењето на MyIute и Иуте Маркет;
- Однесувањето на Клиентот во Апликацијата;
- Следење и аналитика на настани;
- Информации за количка за купување и текот на плаќањето;
- Информации за текот на плаќањата;
- Поддршка и поплаки упатени до Иуте; и
- технички, оперативни и безбедносни податоци неопходни за работење на MyIute.

Иуте може да користи аналитика, следење на настани, анализа на сесии и слични алатки во согласност со применливиот закон и релевантната документација за заштита на личните податоци.

### 10.3. Обработка од страна на Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар

Кога Клиент нарачува производи преку Иуте Маркет, релевантниот Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) може да обработи податоци за клиентите потребни за ракување и исполнување на нарачките, вклучувајќи име и презиме, е-пошта адреса, телефонски број, информации за достава, информации за купување и информации поврзани со поддршка или поплаки поврзани со трговците.

### 10.4. Споделување на лични податоци

Клиентот признава дека информациите може да се разменуваат помеѓу Иуте и Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо), потврда на нарачки, интеграција на начинот на плаќање, исполнување, поддршка, усогласеност, спречување измами и други легитимни оперативни цели во согласност со применливите прописи.

### 10.5. Општи услови за обработка на лични податоци

Деталните правила за обработка на лични податоци, цели на обработка, правна основа, обработувачи, период на чување и права на субјектите се регулирани од применливите Изјави за приватност од релевантниот давател на услуги.

## 11. Корисничка поддршка и поплаки

### 11.1. Поплаки поврзани со MyIute или услугите на Иуте

Прашања, поплаки или барања за поддршка поврзани со работењето на MyIute, технички проблеми во апликацијата, проблеми со најавување или пристап, текови на плаќања, финансиски текови, функционалност за лојалност или други дигитални функционалности обезбедени од Иуте треба да се упатуваат до релевантните контакт канали на Иуте.

### 11.2. Поплаки поврзани со стоките или услугите на Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар

Прашања, поплаки или барања за поддршка поврзани со стоки, залихи на стоки, квалитет на производот, исполнување на нарачките, испорака, собирање, враќање, поврат на средства или други прашања поврзани со трговците треба да се упатуваат до релевантниот Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) согласно применливите услови и процедури на Трговецот учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо).

### 11.3. Поплаки поврзани со осигурително брокерски работи

Поплаките поврзани со осигурителен производ (вклучувајќи покриеност, услови на полиса, премии, откажувања, барања или одлуки за барања) ќе се обработуваат исклучиво од друштвото за осигурување во согласност со применливите услови на осигурителната полиса, преддоговорните информации и процедурата за ракување на поплаки. Клиентот треба да ја поднесе поплаката директно до друштвото за осигурување

преку каналите за комуникација наведени во полисата и останата поврзана документација. Доколку, во специфичен случај, Иуте Сафе е изречно назначен како контакт канал за примање поплаки во име на друштвото за осигурување, клиентот може да го користи тој канал како што е наведено во применливите Специфични услови; сепак, друштвото за осигурување останува единствено одговорно за ракувањето и решавањето на поплаката. Друштвото за осигурување ќе ја обработи и одговори на поплаката во роковите предвидени со интерните акти на друштвото за осигурување и/или применливите прописи, доколку такви рокови се предвидени. Правата за ескалација на Клиентот (вклучувајќи ги и сите надлежни надзорни органи, омбудсман, алтернативно тело за решавање спорови и/или суд) се утврдени со применливиот закон и информациите дадени во полисата и останатата поврзана документација.

### 11.4. Пренасочување

Доколку поплаката е примена од страна која не е одговорна за постапување по истата, , таа страна може да го пренасочи Клиентот кон соодветниот Давател на услуги.

## 12. Достапност, измени и ограничувања

### 12.1. Достапност

Иуте ќе вложи разумни напори за да го направи MyIute достапен, но не гарантира непрекинатост, без грешки или континуирано достапен пристап до Апликацијата или до која било специфична функционалност.

### 12.2. Измени во функционалностите

Иуте може во секое време да додаде, отстрани, измени, суспендира или прекине било која функционалност, интеграција, опција за плаќање или пазар достапна во MyIute од, вклучувајќи, но неограничувајќи се на регулаторни, оперативни, технички, безбедносни или комерцијални причини.

### 12.3. Ограничувања

Иуте може да ограничи или прекине пристап до MyIute или до одредени функционалности кога е потребно заради безбедносни ризици, сомневање за измама, злоупотреба, непочитување на применливите услови, одржување, обврски кои произлегуваат од применливите прописи или оперативни барања.

## 13. Интелектуална сопственост

Сите права на интелектуална сопственост во и на MyIute, вклучувајќи го неговиот софтвер, дизајн, распоред, структура, брендирање, текстови, графики, бази на податоци и друга содржина, припаѓаат на Иуте и/или неговите даватели на лиценци, освен содржината/ите од трети лица која/и на законски начин е достапна преку Апликацијата.

Клиентот нема права на сопственост во MyIute и може да ја користи Апликацијата само за лична и законска употреба согласно овие Општи услови.

Називите на производите, сликите на стоките, трговските марки, описите и другата содржина поврзана со трговците достапна во Иуте Маркет остануваат сопственост на релевантниот Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) и/или на релевантните носители на права.

**14. Ограничување на одговорност**

Во максималниот опсег дозволен со применливиот закон:

Клиентот признава дека правата и правните мерки на Клиентот може да зависат од тоа која услуга била користена и од кој Давател на услуги.

- Иуте е одговорен само за прашања што спаѓаат во неговата сопствена улога како оператор на MyIute и давател на релевантните услуги на Иуте;
- Иуте не е одговорен за стоките што ги продава релевантниот Трговец учесник во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо), вклучувајќи го нивниот квалитет, безбедност, достапност, усогласеност, испорака, враќање или поврат на средства, освен кога одговорноста не може законски да се исклучи;
- Иуте не е одговорен за осигурителните производи и првенствено не постапува по поплаки поврзани со осигурување; сите такви прашања остануваат исклучиво одговорност на друштво за осигурување;
- Иуте не е одговорен за прекини, доцнења или недостапност предизвикани од надворешни системи, трети страни, мобилни оператори, производители на уреди, продавници за апликации или настани од виша сила (*vis-major*); и
- секој Давател на услуги останува одговорен за услугите и обврските што спаѓаат во рамките на неговата сопствена правна и оперативна улога.

Ништо во овие услови не исклучува или ограничува одговорност што не може да се исклучи или ограничи според задолжителниот закон.

**15. Измени и дополнувања на Општите услови**

Иуте доже да ги менува и дополнува овие Општи услови од време на време.

Ажурираната верзија ќе биде достапна преку MyIute и/или преку друг соодветен комуникациски канал. Континуираната употреба на MyIute по стапувањето на таквите измени и дополнувања на сила претставува прифаќање на изменетите Општи услови, освен ако применливите прописи не предвидуваат поинаков вид известување или согласност.

**16. Престанување со користење**

Клиентот може да престане да го користи MyIute во секое време.

Иуте може да го прекине или ограничи пристапот на Клиентот до MyIute, целосно или делумно, во согласност со овие Општи услови, применливи Специфични Услови, применливо право или оперативна неопходност.

Прекинот или ограничувањето на пристап до MyIute само по себе не значи и престанување на обврските на Клиент по основ на одобрен кредит, обврска за плаќање, трговски или друг договорен однос веќе воспоставен според применливите Специфични услови.

**17. Применливо право**

Овие Општи услови ќе бидат регулирани со законот применлив на територијата на која Иуте обезбедува или управува со MyIute за Клиентот, без да се нарушуваат задолжителните важечки правила за заштита на потрошувачите.

Сите спорови кои би можеле да произлезат и поврзани со овие Општи услови ќе се решаваат во согласност со применливиот закон и правилата за заштита на потрошувачите.

**18. Податоци за контакт**

Релевантните контакт информации за MyIute поддршка, услугите на Иуте и сите потребни правни известувања ќе бидат достапни во апликацијата и/или на соодветната веб-страница на Иуте, вклучувајќи ги www.iute.mk и www.iutesafe.mk.

Контакт информациите поврзани со трговците учесници во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) ќе бидат достапни преку релевантните канали за комуникација на трговците, вклучувајќи (за Супермарт) www.supermart.mk.

**19. Завршни изјави**

Со користење на MyIute, клиентот потврдува дека:

- MyIute е заедничка дигитална содржина преку која различни услуги можат да се нудат од различни даватели на услуги;
- На кредитните производи и платежните услуги и електронски пари се применуваат Специфичните услови прифатени од Клиентот и достапни на www.iute.mk;
- Понудите преку ИутеМаркет се понудени од трговци учесници во маркет просторот – онлајн пазар (вклучувајќи го и СуперМарт, каде што е применливо) при што се применуваат Специфичните услови на соодветниот трговец, вклучувајќи го и www.supermart.mk (применливо за СуперМарт);
- Процесот на осигурување се одвива во посредство на Иуте Сафе, а преку друштво за осигурување, пришто се применуваат Спфицичните услови на Иуте Сафе достапни на www.iutesafe.mk и соодветното друштво за осигурување и
- Целта на овие Општи услови е да го уредат користењето на MyIute без да се удвојуваат веќе постоечки услови применливи за специфични производи и услуги.